Друштво за трговија, транспорт и услуги
ЕЛ ТРАНС експорт-импорт ДООЕЛ
Бр. 0307-8/21
14.04 2021 год.
Гостивар

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-2012/1
14-04-2021 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 29-б став (9) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија„ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Одлуката за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – доломит на локалитетот “Чајле“, општина Гостивар на Друштвото за трговија, транспорт и услуги ЕЛ ТРАНС експорт-импорт ДООЕЛ Гостивар бр.40-2446/1 од 23 март 2021 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.68/2021) и членот 22 од Договор за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина - доломит на локалитетот „Чајле“, општина Гостивар бр.24-1209/1 од 10.02.2020 година,

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за трговија, транспорт и услуги ЕЛ ТРАНС експорт-импорт ДООЕЛ Гостивар со адреса:Ул. Боге Вељаноски бр.80 Гостивар, Република Северна Македонија застапувано од лицето Хекри Елмази**
**(во натамошниот текст: концесионер),**

**на ден __________ 2021 година во Скопје, склучија**

АНЕКС
НА ДОГОВОРОТ ЗА ПРЕНОС НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - ДОЛОМИТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЧАЈЛЕ“, ОПШТИНА ГОСТИВАР

**Член 1**

Во Договорот за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина - доломит на локалитетот „Чајле“, општина Гостивар бр.24-1209/1 од 10.02.2020 година, членот 3 се менува и гласи:

**„ Член 3**

**Простор на кој се пренесува концесијата**

Просторот на кој се пренесува концесијата од член 1 на овој договор се наоѓа на локалитетот “Чајле“, општина Гостивар и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати, точките меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени на Топографската карта приклучена кон овој договор во мерка М = 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7495969 | 4627500 |
| Т 2 | 7496051 | 4627675 |
| Т-3 | 7495905 | 4627911 |
| Т 4 | 7495793 | 4628147 |
| Т-5 | 7495893 | 4628245 |
| Т-6 | 7496167 | 4628650 |
| Т-7 | 7497000 | 4628650 |
| Т-8 | 7497700 | 4627500 |

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува P = 1.192314 $km^2$ /квадратни километри/".

**Член 2**

Составен дел на овој анекс на договор е и Топографска карта дадена во прилог на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина - доломит на локалитетот „Чајле", општина Гостивар бр.24-1209/1 од 10.02.2020 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за пренос на концесија за експлоатација на минерална суровина - доломит на локалитетот „Чајле", општина Гостивар бр.24-1209/1 од 10.02.2020 година остануваат во сила, непроменети.

**За Концедент**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Министер за економија**
**Kreshnik Bekteshi**

**За Концесионер**
**Друштво за трговија, транспорт и услуги**
**ЕЛ ТРАНС**
**експорт-импорт ДООЕЛ Гостивар**
**Хекри Елмази**

Изработил/ Përpiloi: Fatmir Shaqiri
Контролирал /Kontrolloi: м-р Александра Митреска
m-r Jeton Kuçi
Согласен/ Dha pëlqimin: Размена Чекиќ Дуровиќ

# Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Чајле - Гостивар

**Минерална суровина:** Доломит

**Површина = 1.192314 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7495969 | 4627500 |
| 2 | 7496051 | 4627675 |
| 3 | 7495905 | 4627911 |
| 4 | 7495793 | 4628147 |
| 5 | 7495893 | 4628245 |
| 6 | 7496167 | 4628650 |
| 7 | 7497000 | 4628650 |
| 8 | 7497000 | 4627500 |